**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ШЕЕСЕТ И ВТОРАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 07.07.2025 година

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Шеесет и втората седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 07.07.2025 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба. претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шеесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 04.07.2025 година, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-7274/2 од 07.07.2025 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**2.** Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје; и

**3.** Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "2"** беше усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "3"** беше усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "2" и "3" се составен

дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец;
2. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје; и
3. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, со **24 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**Коментар од стручната служба:**

По исцрпување на точките од дневниот ред, а пред заклучување на седницата, Претседателот на советот им даде збор на членот на советот - Влатко Ристовски (Левица) и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Шеесет и втората седница на советот на Општина Гази Баба, во **11:25** часот.

**Број 09-7418/2**
**од 15 јули 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот